РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-879/2
12-5 2021 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 110, став 1, точка 21 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), а во врска со член 24, став 3 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 417/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 11.05.2021 год., по предлог од Деканатската управа при Факултетот, донесе

О Д Л У К А

1. Се усвојува измена на Календарот на активности и неработни денови во учебната 2020/2021 година, донесен на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.06.2020 година, бр. 02-879/1 од 30.06.2020 година и тоа наместо: Втора испитна сесија од 31 мај – 27 јуни 2021 и Трета испитна сесија од 20 август – 17 септември 2021, ќе гласи:

| | |
|---|---|
| Втора испитна сесија | (две декади) – од 7. јуни до 2. јули; |
| Трета испитна сесија | (две декади)– од 23. август до 17. септември |

2. Во се друго одлуката и Календарот на активности и неработни денови во учебната 2020/2021 година, останува ист.
3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н
Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје;
- Деканот на Факултетот;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Институтите и Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот;
- Секретарот на Факултетот;
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење;
- Одделението за студентски прашања и
- WEB – страната на Факултетот.